

„Родум од Антиохија Писидиска, од родители незнабожци. Дури во својата дванаесетта година слушна за Господ Исус Христос, дека се воплоти од Пречистата Дева, дека изврши многу чуда, прими крсна смрт и славно воскресна. Нејзиното младо срце се распали со љубов кон Господ и таа се заветуваше дека никогаш нема да се мажи и со сета душа сакаше да пострада за Христа, да се крсти со крв на мачеништво. Татко и ја замрази заради нејзината вера и не ја сметаше за ќерка. Кога царскиот наместник Олимвриј дозна дека е христијанка, побара од неа најпрво да му биде жена. А кога го одби, и нареди да им се поклони на идолите, на што Света Марина одговори: „Нема да им се поклонам ниту ќе им принесам жртва на безживотните и мртви идоли, кои ниту самите знаат за себе ниту пак знаат дали ние ги чествуваме или ги бесчестиме: не им ја давам онаа чест што Му припаѓа само на мојот Создател“. Тогаш Олимвриј ја подложи на маки, па целата изнаранета ја фрли во затвор. Во затворот Марина го молеше Бога и по молитвата и се јави најпрво ѓаволот како страшна змија што и се намотка околу главата. Но штом светителката се прекрсти, змијата се распукна и исчезна. Тогаш ја заблесна небесна светлина и ѕидовите на затворот заедно со покривот исчезнаа и се јави крст, висок и блескав, а на неговиот врв бела гулабица, од која се слушна глас: „Радувај се, Марино, словесна гулабице Христова, ќерко на севишниот Сион, зашто дојде денот на твојата радост. “ Тогаш, со силата Божја, беше исцелена од сите рани и болки.

Другиот ден безумниот судија ја мачеше во оган и во вода, но Марина се претрпе како во туѓо тело. Најпосле ја осуди на смрт со меч. Пред смртта и се јави Господ Исус со ангели.

Беше заклана во времето на царот Диоклецијан, но со душата и силата остана да живее на небото и на земјата. Една рака од Света Марина се наоѓа во манастирот Ватопед на Света Гора. Во Албанија пак, на планината Ланга над Охридското Езеро, се наоѓа манастир на Света Марина со дел од нејзините чудотворни мошти. Во овој манастир се случуваа и се случуваат многубројни чуда и за нив сведочат не само христијаните туку и муслиманите. Кон оваа светителка Турците имаат толкава почит, што никогаш не посакале да посегнат по светоста и имотот на манастирот. Едно време тутор на овој манастир беше Турчин. "

Во народот е позната како огнена Марија зашто била господарка на огнот и заштитничка на посевите од пожари и од поројни дождови.

Се вели дека Света Марена (Марина) му била сестра по чудотворни дела на Свети Наум. Таа е позната по своите чудотворства. Во селото Злетово, пробиштипско, во времето на отоманскиот период, на самиот празник Света Марина (Огнена Марија), најголемиот ага го собрал целото население и ги натерал да го жнеат засаденото пространо поле со жито. Верниците го молеле да ги остави тој ден да не работат, објаснувајќи му дека било тежок, голем празник. Не одзивајќи се на молбите на рајата, агата на сила ги донел сите мажи, жени и деца да жнеат. Работеле цел ден, а приносот бил многу богат. Кога товарите жито биле натоварени на неколку запрежни коли, кои ги поседувал агата, тој тргнал да си оди дома, без да им остави на населението ни една вреќа. Целиот принос тогаш се запалил.

Следната година, истиот тој ага, една недели пред празникот Огнена Марија, самиот ги помолил христијаните верници да не работат на празникот, туку да го прославуваат.